Општина Конче

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 11 став 1 точка 16 од Статутот на општина Конче, Советот на општина Конче на седницата, одржана на 21.12.2020 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за одржување на јавно зеленило на**
**подрачјето на општина Конче**
**за 2021 година**

## I. Вовед

Програмата за одржување и уредување на јавното зеленило на подрачјето на Општина Конче за 2021 година, има за цел да ги прикаже видот и обемот на работите за одржување на зеленилото на подрачјето на населените места во општината, заштитени подрачја, спортско рекреативните центри и уредувањето на нови зелени површини, како и начинот на нивното финансирање.

Редовното одржување на зеленилото се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операции, прикажани во табеларните прегледи, Подигањето на нови зелени површини и реконструкцијата на деградирани зелени површини се врши според утврдените потреби.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО

Одржувањето на јавното зеленило е планирано во согласност со стандардните и биотехничките нормативи.

Реализацијата на Програмата се спроведува преку:

- Одржување на јавното зеленило на подрачјето на Конче и населените места и одржување на јавното зеленило во вон населениот појас.

### 1. Јавно зеленило на подрачјето на руралниот центар Конче и населените места

Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Конче, дел ќе се врши интензивно, а дел екстензивно. Под интензивно одржување подлежат следниве зелени површини:

1. Засадување и одржување на парковски зелени површини;
2. Зелени површини на главни улици;
3. Зелени површини планирани по урбанистичкиот план кои се од јавен карактер;
4. Централно подрачје на Конче парк и споменик
5. Уредување и одржување  на двор на Манастир Св.Стефан Конче

Под екстензивно одржување подлежат оформување на дрвореди, зелените површини околу детските игралишта во селата и вонселско зеленило.

Динамиката и интензитетот на одржување на јавното зеленило ќе се уреди согласно со Оперативна програма, истото се врши согласно со прегледите кои се составни делови на Програмата, со кои ке се вградат сите елементи на одржување на руралното и вонруралното зеленило со сите негови пропратни делови како и мерки за негово збогатување и реконструкција.

Во парковски површини ќе спаѓат следниве:

. Постојан парк во Конче ________________________ 150 м2

. Постојни и оформување на нови селски паркови__ 450 м2

. Вкупно: ______________________________________ 650 м2

**2. Зелени површини на главни улици**

Зелени површини на покрај главни улици

Главна улица Конче__________________________ 1.000 м 1
Главна улица Дедино _________________________ 600 м1
Зеленило пред ОУ,,Гоце Делчев"-Конче__________ 50м1
Главна улица во с.Ракитец ____________________ 200 м1
Главна улица во с.Д.Липовиќ ___________________ 200 м1
Главна улица во с.Габревци ___________________ 150 м1
Главна улица во с.Г.Липовиќ ___________________ 150 м1
Главна улица во с.Ракитец ____________________ 150 м1
Главна улица во с.Лубница ____________________ 150 м1
Вкупно:_____________________________________ 2650 м

**3. Други зелени површини**

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување:

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ
НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО

| Ред ен Број | ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ | Мерна единица |
|---|---|---|
| 1 | Гребулање на тревата | м2 |
| 2 | Машинско косење на тревата | м2 |
| 3 | Собирање на искосената трева | м2 |
| 4 | Припрема на цв. површини | м2 |
| 5 | Садење на сезонско цвеке | м2 |
| 6 | Кроење на жива ограда | м2 |
| 7 | Окопување на жива ограда | м2 |
| 8 | Окопување на грмушки | м2 |
| 9 | Кроење на грмушки и дрва | бр |
| 10 | Окопување на ружи | бр |
| 11 | Кроење на ружи | бр |
| 12 | Чистење на зелени површини | бр |
| 13 | Заливање на зелени површини | м2 |
| 14 | Собирање на отпад | м2 |
| 15 | Метење на стази | м |
| 16 | Прихранување со минерално г. | м2 |
| 17 | Расад сезонско цвеке | м2 |
| 18 | Вода потрошена за заливање | м2 |
| 19 | Засадување и одржување на дрвореди | м2 |

4.Вонселско зеленило

Во заштита на човековата околина големо значење има вонселското зеленило кое со својата конфигурација на теренот. има значење за изградената канализација во селата од една страна, а од друга претставува уредено место за граганите од населените места за рекреација и излети.

- Зелени површини  на излетничко место Мантово ________________ 1 600 м2

## III. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ЈПКД "Лакавица" Конче .

ЈПКД "Лакавица" Конче ќе изготвува Годишна програма за работа, која ги содржи површините, основните операции и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата на реони и катастарски преглед на секоја од површините, како и потребните средства.

За подигањето на ново јавно зеленило и реконструкција на деградирано јавно зеленило, Општина Конче, покрај ЈПКД „Лакавица", може да вклучи и други правни лица, одбрани преку јавен повик.

## IV. НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата, согласно Одлуката за комунален ред, врши Одделението за урбанизам и комунални работи.

Инспекциски надзор, согласно Одлуката за комунален ред, врши општинскиот комунален инспектор.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот на општина Конче  во висина од **200.000,оо денари.**
Делот на подигање и реконструирање на јавните зелени површини се финансира преку Програмата за уредување на градежно земјиште за 2021 година.

Цените за работите околу одржувањето, подигањето и реконструкцијата на зеленилото, кои ги врши ЈПКД "Лакавица" Конче се дефинирани согласно важечките ценовници за ваков вид на услуги.

## VI. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Конче".

Број 08-1515/11
Дата 21.12.2020
Конче

Советот на Општина  Конче
Претседател
Исмаил Куртов